**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 3.7.2018 година**

**Скопје, јули 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 3.7.2018 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Рената Дескоска, министерка за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Зорица Апостолска, министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за

информатичко општество и администрација и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 72-та седница на Владата, одржана на 12.6.2018 година

- Усвојување на Записникот од 75-та седница на Владата, одржана на 19.6.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018, со текст на Стратегиски преглед

- Статус на доставени материјали за ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019-2021

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за Стратегијата, Бизнис планот, Акцискиот план и апликацијата за ИПА фондови за изградба на регионални дистрибутивни центри во Република Македонија на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза –Скопје

2. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)

3. Барање за донесување на одлука за отстапување на 200.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог–одлука

4. Барање согласност за нови вработувања во МЖ Транспорт АД Скопје за 2018 година

5. Информација во врска со одржување на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД за 2017 година, закажано за 6.7.2018 година

6. Информација по Барање на Владата на Република Македонија бр.49-5525/2 од 1.6.2018 година, со Предлог –одлука

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-901/16)

**б) Економски систем и тековна економска политика**

8. Предлог–закон за изменување на Законот за Данокот на додадена вредност

9. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година

11. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година

12. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

13. Информација за Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Македонија 2018 – 2020, со Програмска рамка

14. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕ Шеличе 91 КО Вешала и КО Бродец Општина Тетово, со Предлог–одлука

15. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена 84 КО Бозовце-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука

16. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Идризово, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

17. Информација за задолжување на Општина Пробиштип кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

18. Информација за задолжување на Општина Делчево кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Делчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

19. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектна документација за 2018 година за КП бр.583/1 во КО Никуштак во Општина Липково

20. Информација за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка, за период до 15.5.2018 година

21. Информација за прогресот на проектот „Бизнис сегментација во Македонски железници „Транспорт“ АД Скопје“

22. Информација за реализација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Општина Тетово“

23. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Теламон Европа“ ДООЕЛ Скопје, со дополнувањата кон неа

**в) Политички систем**

24. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители

25. Информација за состојбата во Основниот суд Скопје 2 - Скопје во врска со преземањето и чувањето на списите и нотарските деловни книги во случај на престанок на нотарската служба на нотарите

26. Информација за учество на македонска делегација на 7-от Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, кој ќе се одржи на 7.7.2018 година во Софија, Република Бугарија

27. Информација за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 9-ти и 10-ти јули 2018 година во Лондон, со Предлог-платформа за настап на делегацијата

28. Информација за учество на Република Македонија во мисијата на НАТО во Косово – КФОР

29. Информација во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител од страна на органите на државната управа опфатени во истиот

30. Информација во врска со превземените активности од страна на Националниот совет за ИКТ, заклучно со 30.5.2018 година, со Предлог-решение за формирање на оперативно тело

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата

32. Информација за изградба на Дневен центар за деца со аутизам

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

**б) Политички систем**

33. Предлог-одлука за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот
34. Предлог-решение за назначување претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со Акциски план 2018-2020

35. Барање на Мартин Манолев, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница – Гостивар

37. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

38. Предлог-решение за назначување на членови и заменици членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

39. Предлог-закон за отпишување на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности, телефонија, мобилни и кабловски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште

40. Барање за давање на автентично толкување на член 6 став 1, алинеја 1 од Законот за експропријација, поднесено од градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

41. Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104 став 2 во делот: „доколку со закон поинаку не е утврдено“ од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и член 18 став 1 точка б) во делот: „или наврши 64 години возраст“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), поднесена од Златко Николовски, Верица Синадиновска и Ристо Папазов од Скопје

42. Понуда од нотар Љиљана Трповска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101742 за КО Челопек на КП бр. 3491 викано место/улица Караманица

**д) Други предлози**

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

45. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за култура (сметка на основен буџет 637-10)

46. Извештај од финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари - март 2018 година, со дополнувања кон материјалот

47. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за период јануари - март 2018 година

48. Информација за целокупниот имот со кој управува АД Славија извоз - увоз Скопје (начинот на управување, како се издава имотот, на кого, под кои услови, по која цена, колку средства се остварени од приходи), со дополнување кон материјалот

49. Известување во врска со Записникот за давање дар на Република Македонија од лицето Методија Цветановски од Битола

50. Информација во врска со можноста за намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за топлинска енергија

51. Информација за реконструкција на железничката пруга Ногаевци-Неготино, за период до 15.5.2018 година

52. Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2017 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

53. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, по скратена постапка

54. Информација за потребата од потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016, со текстови на договори

55. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.05/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

56. Предлог-одлука за престанок на важење на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар

57. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар

58. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (куглана)

59. Предлог-решение за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Македонија

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 72-та и 75-та седница на Владата, одржани на 12.6.2018 година и 19.6.2018 година.

*

*      *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Информација за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018, со текст на Стратегиски преглед**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот во процесот на изработка на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го утврди текстот на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 на Република Македонија.

2. Се задолжува Министерството за одбрана до крајот на септември 2018 година да изработи и достави план за имплементација на Стратегискиот одбранбен преглед 2018 на Република Македонија.

3. Се задолжуваат министерствата и институциите да ги земат предвид наодите од Стратегискиот одбранбен преглед 2018 на Република Македонија во идните стратегии и планови.

4. Се задолжува Министерството за одбрана до крајот на 2018 година да изработи и достави долгорочен план за развој и опремување (ДПР) 2019-2028.

- **Статус на доставени материјали за ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019-2021**

Владата во врска со Статусот на доставени материјали за ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019-2021 ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да обезбеди инпут од Министерството за економија – за кластери и Комисијата за заштита на конкуренцијата – за државна помош и истиот да го достави до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.7.2018 година.

2. Се задолжува Министерството за економија да обезбеди инпут од Совет за унапредување и надзор на ревизијата за делот сметководство и ревизија, и истиот да го достави до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.7.2018 година.

3. Се задолжува Државниот завод за индустриска сопственост да обезбеди материјали од Министерството за внатрешни работи и Државниот пазарен инспекторат за подрачјето на спроведување на правата на интелектуална сопственост и истиот да го достави до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.72018 година.

4. Се задолжува Комисијата за заштита на конкуренција да достави целосен инпут за поглавје 8 до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.7.2018 година.

5. Се задолжува Министерствотото за внатрешни работи да обезбеди инпут од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и од Министерството за надворешни работи за делот 3.24.3 Визна политика и истиот да го достави до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.7.2018 година.

6. Се задолжуваат сите институции носители на поглавја, кои се уште не доставиле пополнета матрицата и сите обрасци (Табела-Статус на добиени материјали за НПАА 2019-2021), истите да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4 .7.2018 година.

7. Се задолжуваат сите институции кои се уште не постапиле по барањето за номинации на претставници за работилницата за ревизија на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) 2019-2021, да ги достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 4.7.2018 година.

8. Се задолжуваат сите институции носители на соодветното поглавје да достават до Секретаријатот за европски прашања, номинации за раководители, заменици раководители и секретари на работните групи, онаму каде што недостигаат или да ги

потврдат постоечките (Табела-Статус на номинации за РГ за НПАА), најдоцна до 4.7.2018 година.

По овој повод Владата заклучи, Секретаријатот за европски прашања при подготвување на табела за статусот на номинации за работните групи, истата да ја подели на табела со институции кои постапиле по задолженијата и табела на институции кои имаат обврска да постапат.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Стратегијата, Бизнис планот, Акцискиот план и апликацијата за ИПА фондови за изградба на регионални дистрибутивни центри во Република Македонија на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза –Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува ЈП за берзанско работење Агро-берза - Скопје, после усогласувањето со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да изработи и да достави стратегија за работа на ЈП за берзанско работење Агро-берза-Скопје за решавање на проблемот со откупните земјоделски пунктови во Република Македонија.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, ЈП за берзанско работење Агро-берза - Скопје и ЈП Службен весник на Република Македонија, согласно Законот за јавните претпријатија, да изнајдат соодветно решение со кое од средствата со кои располага ЈП Службен весник на Република Македонија, за потребите за тековното работење на ЈП за берзанско работење АГРО-БЕРЗА - Скопје да бидат префрлени средства во износ од 6.000.000,00 денари (со соодветни одлуки од органите на управување на ЈП Службен весник на Република Македонија и Министерството за финансии).

**<u>Точка 2</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација 02, финансиран со кредит за долгорочно задолжување од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), поради потребата од дополнителни усогласувања, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 200.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката

за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД – Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акцизата и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Македонски железници Транспорт АД – Скопје.

**Точка 4**

Владата го разгледа Барањето согласност за нови вработувања во МЖ Транспорт АД Скопје за 2018 година, го усвои и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии, заклучи:

- се задолжува директорот на МЖ Транспорт АД Скопје, во соработка со Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Министерството за одбрана и Министерството за економија, да ги разгледа можностите за преземање на потребниот кадар од други институции.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на редовното Генерално собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД за 2017 година, закажано за 6.7.2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

- Се овластува управителот на Нафтовод ДООЕЛ Скопје да го застапува друштвото Нафтовод ДООЕЛ Скопје на Генералното собрание на акционери на Претпријатието за нафтовод Солун-Скопје-Вардакс АД за 2017 година, закажано за 6.7.2018 година и по точките од Дневниот ред да се изјасни на следниот начин:

- По однос на првата точка од Дневниот ред, која се однесува на разгледување на управувањето за работењето во периодот 1.1.2017 - 31.12.2017 година и доставувањето на Извештајот на Одборот на директори, да гласа „ВОЗДРЖАН“.

- По однос на втората точка од Дневниот ред, која се однесува на финансиските состојби за работењето на друштвото од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, согласно Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со поврзаните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот на Одборот на директори на друштвото Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД Скопје, да гласа „ВОЗДРЖАН“.

- По однос на третата точка од Дневниот ред, Владата е согласна и да гласа „ВОЗДРЖАН“, за ослободување на членовите на Одборот на директори и на ревизорите од секоја одговорност за обештетување за работењето на друштвото за 2017 година, согласно член 35 од европскиот закон 2190/20.

- По однос на четвртата точка од Дневниот ред, Владата го одобрува исплатеното кон членовите на Одборот на директори и да гласа „ВОЗДРЖАН“.

- По однос на петтата точка од Дневниот ред, да гласа „ВОЗДРЖАН“ за избор на редовни и заменици - ревизори под заклетва во 2018 година, затоа што немаме конкретен предлог.

- По однос на шестата точка од Дневниот ред да гласа „ВОЗДРЖАН“, затоа што немаме конкретен предлог.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање на Владата на Република Македонија бр.49-5525/2 од 1.6.2018 година, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво Македонска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го разгледа Предлог – законот за изменување на Законот за Данокот на додадена вредност, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

**<u>Точка 10</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 11</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 12</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, кој предлагачот редакциски ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Македонија 2018 – 2020, со Програмска рамка (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Македонија 2018 – 2020.

2. Го овласти министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски да ја потпише Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Македонија 2018 – 2020, со писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопснство на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот и активностите во врска со Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Македонија 2018 – 2020.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕ Шеличе 91 КО Вешала и КО Бродец Општина Тетово, со Предлог – одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа МХЕ Шеличе 91 КО Вешала и КО Бродец, Општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена 84 КО Бозовце-вон г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена 84 КО Бозовце- вон г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Идризово, Општина Гази Баба, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Идризово, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Пробиштип кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Пробиштип со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Делчево кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Делчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на општина Делчево со краткорочен кредит кај Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектна документација за 2018 година за КП бр.583/1 во КО Никуштак во Општина Липково и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектна документација за 2018 година, во предложениот текст.

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот во рок од пет дена да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко планска документација за КП бр.583/1 во КО Никуштак, Општина Липково.

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко планска документација за КП бр.583/1 во КО Никуштак, Општина Липково во рок од 30 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изградба на пруга Бељаковце - Крива Паланка, за период до 15.5.2018 година, ја усвои Информацијата и го задолжи ЈП

МЖ Инфраструктура - Скопје, да ги преземе сите чекори за најбрзо реализирање на сите активности.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на проектот „Бизнис сегментација во Македонски железници „Транспорт“ АД Скопје“ (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави до Консултантот PricewaterhouseCoopers Advisory S.r.l. од Италија писмен допис со кои ќе информира дека Стратегија за бизнис сегменатција-финален извештај и Извештај од проценка на средствата и практиките за управување со возниот парк-финален извештај, се прифатени.
2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од пет дена да го склучи Анексот број 2 кон Договорот за консултантски услуги склучен меѓу Министерството за транспорт и врски и PricewaterhouseCoopers Advisory S.r.l. од Италија, со кој се продолжува рокот за изработка и извршување на предвидените активности согласно изменетата Проектна задача за дополнителни пет месеци, од денот на потпишување на Анексот број 2 кон Договорот.

3. Во рок од пет дена, да се формира работна група за имплементација на проектот „Бизнис сегментација во Македонски железници „Транспорт“ АД Скопје“ со која ќе координира заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, а во која ќе членуваат претставници од Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и Македонски железници „Транспорт“ АД Скопје.

## Точка 22

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за реализација на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Тетово“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, до 15 јули 2018 година, да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Тетово” до Секретаријатот за европски прашања, со барање истата да се достави до Делегацијата на Европската Унија во Скопје, со цел нејзино препраќање до Европската комисија во Брисел.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, до 22 јули 2018 година, да ја достави ИПА апликацијата за проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во општина Тетово” до Делегацијата на Европската Унија во Скопје, со цел нејзино доставување и одобрување од Европската комисија во Брисел.

3. Се препорачува на Општина Тетово да ги преземе сите потребни мерки што се предвидени со Законот за градење, кои се потребни за издавање на одобрение за градба, експропријација на земјиштето за проектите за канализација, пред објавувањето на

тендерските постапки за избор на изведувач за инвестицискиот проект, најдоцна до септември 2018 година.

4. Се препорачува на Општина Тетово, во соработка со Министеррството за животна средина и просторно планирање, да подготви и во рок од три недели до Владата да достави нова информација за надминување на проблемите со расчистувањето на локацијата предвидена за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Општина Тетово.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство и трговија „Теламон Европа“ ДООЕЛ Скопје, со дополнувањата кон неа, ја усвои и ја овласти Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, да го потпише Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија „Теламон Европа“ ДООЕЛ Скопје.

## Точка 24

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во Основниот суд Скопје 2 - Скопје во врска со преземањето и чувањето на списите и нотарските деловни книги во случај на престанок на нотарската служба на нотарите, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда во соработка со Основниот суд Скопје – 2 Скопје, во рок од 30 дена да и предложат на Владата недвижен имот во сопственост на Република Македонија, кој би се дал на користење на Основниот суд Скопје 2 – Скопје, исклучиво за намената за чување на преземените нотарски архиви на нотарите на кои им престанала нотарската служба.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на соодветен деловен простор, за Основниот суд Скопје 2 – Скопје, со цел преземање и чување на нотарските архиви на нотарите на кои им престанал или ќе им престане нотарската служба согласно Законот за нотаријатот.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за учество на македонска делегација на 7-от Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, кој ќе се одржи на 7.7.2018 година во Софија, Република Бугарија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и Министерството за локална самоуправа, во рок од седум работни дена, да ги усогласат ставовите во однос на документот „Водич од Софија“ кој треба да се усвои на 7-миот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од пет работни дена, да ја пријави македонската делегација за 7-от Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за учество на делегација на Република Македонија на конференцијата на високо ниво за Западен Балкан, на 9-ти и 10-ти јули 2018 година во Лондон, со Предлог-платформа за настап на делегацијата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат членовите на делегацијата на Република Македонија да ги презентираат ставовите содржани во Предлог-платформата за настап на сесиите, кои се предвидени во рамки на програмата на Конференцијата.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги спроведе сите неопходни дипломатски и протоколарни подготовки поврзани со учеството на делегацијата на Република Македонија на Конференцијата.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Македонија во мисијата на НАТО во Косово – КФОР и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги преземе потребните мерки за избор, подготовки и да ги регулира сите прашања во врска со идниот придонес на Република Македонија во операцијата на НАТО во Косово – КФОР, со едно лице – штабен офицер во Командата на КФОР во Приштина, Република Косово, како и да ги извести надлежните авторитети на НАТО за намерите за придонес, почнувајќи од јули 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана да ја извести Владата за преземените мерки во врска со учеството на Република Македонија во мисијата на НАТО во Косово – КФОР, најдоцна до 31.7.2018 година.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведувањето на препораките на Народниот правобранител за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител од страна на органите на државната управа

опфатени во истиот (најнов текст), ја усвои Информацијата и согласно член 36 став 4 од Законот за Народниот правобранител заклучи истата ја достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министерка за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереник Никола Прокопенко, државен советник во Министерство за правда.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со превземените активности од страна на Националниот совет за ИКТ, заклучно со 30.5.2018 година, со Предлог-решение за формирање на оперативно тело и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Националниот совет за ИКТ, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за формирање на Оперативно тело за стручно - оперативна и логистичка поддршка на Националниот совет за ИКТ, со заклучок наместо Горан Стојановски, претставник од Министерството за образование и наука да биде Самир Авдија, да се додаде Хајри Шаќири, како претставник од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Министерството за економија да достави свои предлози за претставници во оперативното тело.

3. Се задолжуваат сите министерства, органи во состав на министерствата и други органи на државната управа (од листа 1 во прилог), им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа (од листата 2 во прилог), а им се препорачува на институциите (од листата 3 во прилог), пред отпочнување на постапките за јавните набавки, технички спецификации на тендерски документации, каде што како предмет на јавна набавка е ИКТ опрема и/или софтвер а чијашто вредност е поголема од 20.000 евра во денарска противвредност, да ги доставуваат на мислење до Националниот совет за ИКТ (согласно точка 1 од Решението за формирање на Националниот совет за ИКТ („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/18 и 34/18).

## Точка 31

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Министерството за труд и социјална политика потребните финансиски средства за имплементација на Предлог-законот да ги обезбеди во рамките на сопствениот одобрен

буџет и истите соодветно да ги планира во буџетските барања за соодветната фискална година во рамки на максималните износи на расходи.

2. Се задолжува Министерството за здравство, во најкраток можен рок во владина постапка да достави изменување на Законот за здравствено осигурување, а Министерството за финансии да достави изменување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, во насока на комплементарна и доследна примена на горенаведените изменувања во Законот за заштита на децата.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на дневен центар за деца со аутизам и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја отпочне потребната постапка за вадење на градежна дозвола за изградба на нов јавен објект „Дневен центар за деца со аутизам“ КО Чаир, Општина Бутел во рок од 30 дена.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди координација и административна поддршка за целосна реализација на предметниот Проект и да ја информира Владата за реализацијата на Проектот во рок од шест месеци.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за формирање Национална комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-решението за назначување претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на Стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот и Акциониот план 2018-2020 го донесе Решението за назначување претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретар на Националната комисија за следење на имплементацијата на стратегијата на Република Македонија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, со заклучок текстот на Решението дополнително да се усогласи согласно расправата на Седницата.

## Точка 35

Владата го разгледа Барањето на Мартин Манолев, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Агенцијата за млади и спорт утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница – Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе најновиот текст на Решението за назначување на членови и заменици членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата не расправаше по Предлог-законот за отпишување на камати за наплата на долгови кои произлегуваат од услуги од вршители на комунални дејности, телефонија, мобилни и кабловски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште, поради немање на заедничко мислење од Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за јавни приходи, Службата за општи и заеднички работи и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 40**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 6 став 1, алинеја 1 од Законот за експропријација, поднесено од градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево и притоа го утврди следното мислење

Од текстот и содржината на писменото обраќање на градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, произлегува дека истото се однесува на прашањето дали при изготвување на текстот на членот 6 став (1) алинеја 1 од Законот за експропријација е направена техничка грешка во однос на зборовите „од-над“, односно „до-над“, со кои се лимитира капацитетот на објектите содржани во наведената законска одредба, а чија што изградба, односно реализација претставува јавен интерес од значење за Република Македонија.

Согласно одредбите од член 6 став (1) алинеја 1 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016 и 178/2016), јавен интерес од значење за Република Македонија согласно овој закон се утврдува заради: - градење на нуклеарни електрани, термоцентрали и хидроцентрали со капацитет од и над 1МВ, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ, градење на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори со

капацитет до и над 1МВ, трафостаници со напонско ниво од и над 10КВ и брани со акумулации.

Погоре цитираната законска одредба го определува јавниот интерес кој е од значење за Република Македонија, а во ставот (1) таксативно се наброени случаите кога градењето објекти, експлоатацијата на минерални суровини и поставувањето на
оптички кабли за потребите на државните органи претставува јавен интерес од значење за Република Македонија.

Имено, во наведената законска одредба јасно се содржани границите, односно лимитите на капацитетите на објектите кои се од јавен интерес (нуклеарни електрани, термоцентрали, хидроцентрали и далноводи), со капацитет од и над 1МВ, односно со напонско ниво од и над 35КВ, градењето на објекти (за производство на електрична енергија од обновливи извори), со капацитет до и над 1МВ, градењето на објекти (трафостаници), со напонско ниво од и над 10КВ и брани со акумулации, поради што се смета дека во конкретниот случај не се работи за техничка грешка при изготвување на текстот на Законот.

Врз основа на погоре изнесеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 6 став 1, алинеја 1 од Законот за експропријација, поднесено од градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево.

## Точка 41

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 104 став 2 во делот: „доколку со закон поинаку не е утврдено“ од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), поднесена од Златко Николовски, Верица Синадиновска и Ристо Папазов од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека содржината на членот 104 став 2 во делот: “доколку со закон поинаку не е утврдено” од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) правото на продолжување на договорот за вработување и обврската на работодавачот да го продолжи договорот, поради ваквата содржина на членот 104 став 2 не е можна и како право и обврска не важи за сите работници и работодавачи од причина, што е дадена можност истото да е поинаку уредено со друг закон.

Согласно наводите во Иницијативата, наведениот член е во спротивност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 9 и членот 32 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија меѓу другите, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија е и владеењето на правото.

Согласно член 9 пак, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното

потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори.

Согласно член 1 од Законот за работните односи со овој закон се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување. Притоа, утврдено е дека работниот однос се уредува со овој и со друг закон, колективен договор и договорот за вработување.

Согласно членот 3 од истиот закон, тој ги уредува и работните односи на работниците вработени во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, установите, јавните претпријатија, заводите, фондовите, организациите и други правни и физички лица кои вработуваат работници, доколку со друг закон поинаку не е определено.

Согласно член 104, работодавачот го прекинува договорот за вработување на работникот кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж (став 1). Ставот 2 предвидува дека работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст, доколку со закон поинаку не е утврдено.

Законот за работните односи е општ пропис, односно lex generalis. Тој има улога на системски закон на националноото работно законодавство, основа која понатаму може да се проширува и доуредува со други, посебни закони и колективни договори, согласно специфичностите на областа на која се однесуваат. Меѓутоа, неговата поставеност во основата на сите индивидуални, односно поединечни работни односи, значи дека тој го воспоставува минимумот на права од работен однос, односно ја воспоставува границата под која не може да оди ниту еден друг акт, па така ни посебните закони ниту пак колективните договори.

Од овие причини, содржината на членот 104 став 2 во делот: „доколку со закон поинаку не е утврдено" иако имплицира на поинакво уредување, истото може да биде само во насока на одредби поповолни од оние уредени со Законот за работните односи. Затоа, оваа одредба во никој случај не може да се смета дека дава простор за ставање во понеповолна положба на работниците чиишто работни односи се уредени со посебен закон или колективен договор. Напротив, таа е правен основ за поповолно уредување на овие одредби, согласно посебностите во областите на кои се однесуваат.

Имајќи го предвид истото, се смета дека оспорената законска одредба е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 9 и членот 32 од Уставот на Република Македонија.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување

постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 104 став 2 во делот „доколку со закон поинаку не е утврдено” од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16).

*

* *

Владата ја разгледа Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 18 став 1 точка б) во делот: „или наврши 64 години возраст“ од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16), поднесена од Златко Николовски, Верица Синадиновска и Ристо Папазов од Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на уставната иницијатива наведува дека после влегувањето во сила на изменетиот член 104 од Законот за работните односи, со делот „доколку со закон поинаку не е утврдено“ дадена била можност за отстапување од утврдените принципи и правила во врска со прекинот на работата поради возраст на работникот, законодавецот го искористил па така во член 18 став (1) точка б) од Законот за нотаријатот (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16) предвидел дека службата на нотарот престанува со навршени 64 години возраст. Притоа само се прифаќал и утврдувал принципот од став (1) на член 104 од Законот за работните односи, без да се давало можност за продолжување на работата до 67 години возраст, на нотарите кои за тоа ќе изразат волја и интерес. Со тоа Законот за нотаријатот поинаку, нејасно, неконзистетно и спротивно на Уставот, го уредува прекинот на работата поради возраст на нотарите, што не било во согласност со споменатите членови од Уставот на Република Македонија.

Подносителот наведува дека одредбата од член 18 став (1) точка б) од Законот за нотаријатот не е во согласност со член 9 од Уставот за забрана на дискриминација и еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, член 32 став (1) од Уставот за слободата на изборот на вработувањето и достапност на секое работно место на сите под еднакви услови и уставното начело на владеење на правото кое е утврдено со член 8 став (1) од Уставот на Република Македонија.

Неосновани се наводите на подносителот на иницијативата дека одредбата од член 18 став (1) точка б) од Законот за нотаријатот не е во согласност со член 9 од Уставот за забрана на дискриминација и еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите, член 32 став (1) од Уставот за слободата на изборот на вработувањето и достапност на секое работно место на сите под еднакви услови и уставното начело на владеење на правото кое е утврдено со член 8 став (1) од Уставот на Република Македонија, од следните причини:

Во членот 18 од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16 и 142/16), утврдени се причините за престанок на службата на нотарот, помеѓу кои и навршување на 64 години возраст.

Според член 104 став (2) од Законот за работните односи, работникот со писмена изјава до работодавачот може да побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст, доколку со закон поинаку не е утврдено.

Работниот однос на нотарите се уредува со Законот за нотаријатот, а не со Законот за работните односи, кој во однос на Законот за работните односи се јавува како lex specialis.

Имено во конкретниот случај, институтот нотар не може да се подведе под поимот работник, односно нотарот е лице кое врши јавни овластувања утврдени со закон именувано од министерот за правда и нотарската служба ја врши како единствено професионално занимање за времето за кое е именуван.

Имено со Законот за работните односи, во општите одредби е пропишано дека, со законот се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.

Во конкретниот случај нотарите не склучуваат договори за вработување со министерот за правда односно согласно Законот за нотаријатот нотарите се именуваат со решение на министерот за правда и им престанува службата по исполнување на условите за престанок на службата на нотарот пропишани со Законот за нотаријатот.

Од тие причини во Законот за нотаријатот се определени посебни критериуми кои треба да ги исполнува кандидатот за нотар, кој се именува од страна на министерот за правда врз основа на конкурс во посебна постапка утврдена со Законот за нотаријатот, поради што во законот се определени и условите за престанок на нотарската служба.

Ваквите одредби од Законот за нотаријатот се пропишани од причина што нотарите имаат делокруг на работа и овластувања, а се работи за самостојна независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон, а нотарот службата ја врши како единствено професионално занимање, за времето за кое е именуван.

Од горенаведеното нотарот ниту склучува договор за вработување, ниту пак работи за плата или други примања, ниту пак извршува работи според упатства на работодавач, од причина што нотарот својата служба ја врши самостојно за времето за кое е именуван врз основа на закон за што остварува и соодветна награда.

Од горенаведеното, Законот за работни односи не може да се примени и на нотарите од причина што и самиот член 104 од Законот се однесува на прекин на договорот за работа поради возраст на работникот, а во конкретниот случај нотарот нема договор за работа, поради што условите за престанок на нотарската служба се уредуваат со Законот за нотаријатот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека со оспорената одредба од член 18 став (2) точка б) од Законот за нотаријатот не е сторена повреда на член 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 32 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со оспорената одредба не се нарушува принципот на владеење на правото, принципот на еднаквост на граѓаните и правото на работа и вработување и истата е во согласност со Уставот на Република Македонија и со неа не се ограничуваат човековите слободи и права, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот за нотаријатот.

## Точка 42

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 101742 за КО Челопек на КП бр. 3491 викано место/улица Караманица и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 43

1. Владата ја разреши Андријана Савеска Павловска од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

1.1. Владата го именува Насер Мухареми за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

2. Владата го разреши Борче Ацовски од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

2.1.Владата ја именува Лулјета Адили Челику за член на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

3. Владата ја разреши Цанка Чолакова Мичовска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој.

3.1. Владата го именува Пиштар Лутфиу за член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, со мандат од две години.

4. Владата го именува Ридван Асани за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

5. Владата го именува Имер Исмаили за член на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права.

6. Владата ја разреши Слаѓана Нафтева од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

6.1. Владата го именува Неваип Лимани за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес.

7. Владата го разреши Дејан Србиновски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

7.1. Владата го именува Алберт Арслани за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Битола.

8. Владата го отповика Кирил Колемишевски од должноста член на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

8.1. Владата го избра Бијназ Арифи за член на Надзорниот одбор на АД за приредување игри на среќа АД - Скопје, во државна сопственост.

9. Владата го избра Лазар Коцев за независен член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД – Скопје.

10. Владата го отповика Лазар Коцев од должноста член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ –Скопје, во државна сопственост.

10.1. Владата го избра Скендер Алији за член на Надзорниот одбор на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ –Скопје, во државна сопственост.

11. Владата го отповика Арбен Баи од должноста независен член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје.

12. Владата го избра Мусли Муслиу за независен член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (АД МЕПСО).

13. Владата го определи Фехари Рамадани за претставник на Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на албанците-Скопје.

13.1. Со определувањето на претставникот на Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на албанците-Скопје, Владата му утврди престанок на мандатот на Нури Беџети досегашен претставник на Советот на Јавната научна установа Институт за духовно културно наследство на албанците-Скопје.

14. Владата ги одложи од разгледување предлозите за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Универзитетска клиника за уво, нос и грло – Скопје.

## Точка 44

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 25.6.2018 година до 1.7.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи и заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** Владата во врска со состојбата во компанијата „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, ги донесе следниве заклучоци:
1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, согласно законските прописи, да ја води најбрзата постапка за реорганизација на компанијата „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, со цел изнаоѓање трајно решение.
2. Се задолжува „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп, да достави барања за позајмица од по 3 милиони денари до АД МЕПСО – Скопје и АД ЕЛЕМ – Скопје.
3. Се укажува на АД МЕПСО – Скопје и АД ЕЛЕМ – Скопје, да ги преземат сите потребни активности на нивните органи на управување по однос на донесување одлука за можноста за давање на позајмица на „11 Октомври – Еурокомпозит“ АД Прилеп и аналогно на тоа до наредната седница на Владата да достават предлог-одлуки за одобрување на нивното работење.

**3.** Во врска со Заклучокот бр.4, точка 2 од 74-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.6.2018 година во однос на пренесување на изборниот материјал на Државната изборна комисија и од негово соодветно чување, Владата имајќи го предвид предлогот на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања (подрумската просторија, дел што го користела „Уранија“ и бившата архива на Комерцијална банка сместена на спрат IV и V) ги задолжи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во рок од седум дена до Владата да достават соодветно решение за сместување на изборниот материјал на Државната изборна комисија.

**4.** По повод обраќањето на директорот на Средното општинско училиште „Гошо Викентиев“ од Кочани до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, заведено под бр.08-2402/1 од 20.6.2018 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Македонија на учеството на двајца напредни, креативни и амбициозни ученици на Светскиот натпревар Microsoft Office Specialist, организиран од Certiport Inc, Владата заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија од Буџетот на Владата на Република Македонија раздел 04001, Програма 1 –Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 40.000,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект со број 736010528278710, приходна шифра 723019, потпрограма N2.

**5.** По повод одржувањето на Дваесет годишнината од Сими симпозиумот (20th Anniversary of the Symi Symposium), на Родос, Република Грција, од 1 до 5 јули 2018 година, во организација на Andreas Papandreu Fondation, Владата заклучи:

1. Делегацијата на Република Македонија да ја предводи д-р Рената Дескоска, министерка за правда.

Во состав на Делегацијата да биде и Александар Стојковски од Министерството за правда.

2. Трошоците за учеството на овој симпозиум да бидат на товар на Министерството за правда.

**6.** Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност ги информираше членовите на Владата за успешноста на функционирањето на ГРИД системот во однос на внатрешната комуникација, во однос на комуникацијата со медиумите, информирањето на јавноста, како и за потребата од поголема усогласеност на службите за односи со јавност во министерствата за следење на динамиката на подготовките на клучните и дополнителните теми, со цел уште поголема ефикасност на Владата во овој сегмент.

Во врска со тоа Владата заклучи министерствата да комуницираат и да се координират меѓусебно за воспоставување на заеднички наратив за обединување на сите пораки, со цел подобро пробивање во медиумскиот простор, со што владините пораки ќе бидат забележани од поголем број на граѓани.

**7.** Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност ги информираше членовите на Владата за обврската за доставување на информации за трошоците на функционерите во министерствата.

**8.** По повод обраќањето на Националната установа - Охридско лето до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, заведено под бр.08-1965/1 од 17.5.2018 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Македонија на Проектот - Свечено затворање на фестивалот Охридско лето со театарската претстава „Илијада“ од Хомер, Владата заклучи:

- се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија од Буџетот на Владата на Република Македонија раздел 04001, програма 1 –Администрација, потпрограма 10-Администрација, 464-Разни трансфери да уплати 2.914.600,00 денари на жиро сметка на горенаведениот субјект со број 180100908378719, приходно конто 725939, програма 70.

**Точка 45**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за култура (сметка на основен буџет 637-10), како материјал за информирање и притоа констатира дека истиот од страна на Државниот завод за ревизија е доставен до Основното јавно обвинителство.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура да пристапи кон подготовка на акциски план со точно дефинирани рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на регуларност за 2016 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 46**

Владата го разгледа Извештајот од финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот јануари - март 2018 година, со дополнувањата кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа новиот текст на Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за период јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за целокупниот имот со кој управува АД Славија извоз - увоз Скопје (начинот на управување, како се издава имотот, на кого, под кои услови, по која цена, колку средства се остварени од приходи), со дополнување кон материјалот, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за управување со одземен имот, во соработка со Министерството за економија, во рок од 30 дена да го утврдат правниот статус на АД

Славија (стечајна постапка, маса, имот и статус), односно да достават преглед каква е состојбата со имотот на АД Славија, како и да дадат предлог за можните чекори кои треба да се преземат.

**Точка 49**

Владата го разгледа Известувањето во врска со Записникот за давање дар на Република Македонија од лицето Методија Цветановски од Битола, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за топлинска енергија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии и Министерството за економија да направат сеопфатна анализа за можноста за намалување на стапката на ДДВ-то и истата во рок од 30 дена да ја достават до Владата.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на железничката пруга Ногаевци-Неготино, за период до 15.5.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информација за примена на Законот за нотаријатот за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за

заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016, со текстови на договори и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од потпишување на Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016 и Договор за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

2. Го прифати текстот на:

- Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016
- Договорот за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во име на Република Македонија, да го склучат Договорот за дополнување и измена на Посебниот договор кон Договорот за заем и финансирање 2009 во врска со Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

4. Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во име на Република Македонија, да го склучат Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

5. Се укажува на Општина Гостивар и ЈП Комуналец - Гостивар, да го склучат Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 1 чекор 2, SECO финансиска помош 2016.

6. Се укажува на општините Радовиш, Кавадарци и Гостивар, веднаш по усвојување на оваа информација, да започнат постапка за задолжување кај државата согласно одредбите од Законот за јавен долг.

## Точка 55

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.05/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог–решение и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (куглана), во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**